Уп. бр. 08-53

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од МТЕЛ ГЛОБАЛ ДОО Белград, Република Србија, со седиште на адреса ул. Милентија Поповиќа 9, единица 3020, Нови Белград 11070, Република Србија, преку полномошник Огнен Трајковски од Скопје, на седницата одржана на ден 22.04.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која МТЕЛ ГЛОБАЛ ДОО Белград, Република Србија, со седиште на адреса ул. Милентија Поповиќа 9, единица 3020, Нови Белград 11070, Република Србија, ќе стекне контрола над ПУЛСЕЦ ГмбХ од Виена, со регистрирано седиште на ул. Кругенштрасе 2/7, 1010 Виена, Република Австрија, преку купопродажба на удел, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 10.03.2026 година, а дополнето на 23.03.2026 година, каки и на дополинително доставените податоци и акти од 15.04.2026 година Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од МТЕЛ ГЛОБАЛ ДОО Белград, Република Србија, со седиште на адреса ул. Милентија Поповиќа 9, единица 3020, Нови Белград 11070, Република Србија, кој преку своето зависно друштво МТЕЛ АВСТРИЈА ГмбХ од Виена, со регистрирано седиште на Ам Еуро Плац 2 / Стиеге 5, 7, ОГ, 1120 Виена, Република Австрија, ќе стекне посредна контрола над ПУЛСЕЦ ГмбХ од Виена, со регистрирано седиште на ул. Кругенштрасе 2/7, 1010 Виена, Република Австрија, по пат на купопродажба на удел.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

МТЕЛ ГЛОБАЛ ДОО Белград е регистриран за безжични телекомуникации. Истиот се бави со телекомуникации, комуникациски услуги, мултимедија, мобилна телефонија, ОТТ телевизија и им овозможува на корисниците да гледаат повеќе од 400 забавни, информативни, спортски, филмски, детски и други омилени канали од Балканот.

МТЕЛ ГЛОБАЛ ДОО Белград е во сопственост Телекомуникации Република Српска акционерско друштво, Бања Лука, Босна и Херцеговина, кое е поврзано друштво на Телеком Србија, акционерско друштво Белград, Србија.

Поврзано лице на Телеком Србија на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки" 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Поврзано лице на МТЕЛ ДООЕЛ Скопје[1] е Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на улица „Максим Горки" 11/1-3, Скопје, Центар, Република Северна Македонија. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и  обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

Исто така, поврзано лице на Телеком Србија на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, Република Северна Македонија, регистрирано за дејност сателитски телекомуникации.

Основната дејност на ПУЛСЕЦ ГмбХ од Виена е давање услуги од обласа на ИТ/Сајбер безбедност, односно нуди напредни ИТ безбедносни решенија како што се: Решенија за заштита на мрежата, решенија за заштита на крајна точка, SOC 24/7 безбедносен мониторинг на мрежна и компјутерска опрема, безбедност на податоци, решенија базирани на облак со нула доверба, итн.

[1] Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение бр.08-31/2023 од 22.03.2023 година ја одобри концентрацијата со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр.11-1/кат 3, 1000 Скопје, ќе стекне контрола над друштвото НЕОТЕЛ ДОО Скопје, со седиште на булевар Кузман Јосифовски-Питу бр.15, 1000 Скопје.

Целното друштво нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Силјановска Николиќ**